**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

# ОБЈАВА бр.4/2023
**(прва објава)**

**за давање под закуп на деловен простор од**
**ЈП „ПАРК – СПОРТ И ПАРКИНЗИ“ ВЕЛЕС со електронско јавно наддавање**

Врз основа на член 2, став 1, точка 4 алинеја 1 и 2 и член 4 и член 36 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15,106/15,153/15,190/16,21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), согласно Одлука за определување на почетна цена за издавање на деловен простор под закуп во спортска сала „Гемиџии“ Велес, бр.01-79/1 од 17.05.2023 година од Управен одбор на ЈП„Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес, решение за давање согласност на Одлука за определување на почетна цена за издавање на деловен простор под закуп во спортска сала „Гемиџии“ Велес на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес, број 25-2554/26 од 29.05.2023 година од Советот на Општина Велес, Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес, објавува закуп на административен, деловен и магацински простор во спортската сала „Гемиџии“ Велес, во име и за сметка на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес по пат на електронско јавно наддавање.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЗАКУП СО ЈАВНОТО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ

Предмет на оваа објава е давање под закуп на административен, деловен и магацински простор во спортската сала „Гемиџии“ Велес КП 1815, согласно Имотен лист 25440 за КО Велес, со адреса на ул.„Алексо Демниевски-Бауман“, бр.10 Велес, намена на зграда деловен простор, изразени во табеларниот преглед, кое се издава согласно Одлука за определување на почетна цена за издавање на деловен простор под закуп во спортска сала „Гемиџии“ Велес, бр.01-79/1 од 17.05.2023 година од Управен одбор на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес, и Решение за давање согласност на Одлука за определување на почетна цена за издавање на деловен простор под закуп во спортска сала „Гемиџии“ Велес на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес, број 25-2554/26 од 29.05.2023 година од Советот на Општина Велес, Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес, по пат на електронско јавно наддавање.

Просториите се издаваат во закуп во времетраење од седум години од денот на потпишувањето на договорот за закуп со најповолниот понудувач. Договорот може да се раскине и пред истекот на договорниот рок. Сопственикот го задржува правото да ја извести другата договорна страна доколку во договорниот рок превземе дејствија за продажба на објектот. За горе наведеното дејствие сопственикот ќе ја извести договорната страна писмено со отказен рок од 30 дена.

НАПОМЕНА: Заедничките простории кои не се предмет на јавно наддавање ќе се користат по утврден куќен ред.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ЗАКУП, ПОЧЕТНАТА ЦЕНА, БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА, МИНИМАЛЕН ЧЕКОР, ВРЕМЕ НА ПОЧЕТОК НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Деловните простори кои се предмет на закуп се наоѓаат на КП 1815 ,КО Велес, на ул.„Алексо Демниевски – Бауман“,бр.10, Велес, кои се дел од недвижниот објект – Спортски центар „Гемиџии“, истите се запишани во Имотен лист 25440 за КО Велес, сопственост на Општина Велес, ГУП : Генерален урбанистички план на град Велес , Одлука број 0701-2035/2 од 30.05.2006 година М 1:2500.

ТАБЕЛА 1

КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес

| ДЕЛ | Број на просторија | Улица и број | Деловен простор | Површина во м2 | Цена на закупнина на објект по м2 | Цена на закупнина на цел објект на месечно ниво во денари | Банкарска гаранција 2% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДП1 | деловен простор на приземје ниво 0,00 | | | | | | |
| | ДП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | деловен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 116 м2 | 88,00 ден . | 10.208,00 ден | 40.861,00 ден. |
| | ПП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | помошен простор | 41 м2 | 26,40 ден. | 1.082,00 ден. | 4.333,00 ден. |
| | ВКУПНО за ДЕЛ 1 | | | 157 м2 | | 11.290,00 ден | 45.194,00 ден. |

| ТАБЕЛА 2<br>КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | Број на просторија | Улица и број | Магацински простор | Површина во м2 | Цена на закупнина на објект по м2 | Цена на закупнина на цел простор на месечно ниво во денари | Банкарска гаранција 2% |
| МП2 | Магацински простор на сутерен приземје ниво 0,00 | | | | | | |
| | МП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | магацински простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 231 м2 | 77,00 ден . | 17.787,00 ден | 71.443,00 ден. |
| | МП 2 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | магацински простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 231 м2 | 77,00 ден. | 17.787,00 ден | 71.443,00 ден. |
| | МП3 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | магацински простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 231 м2 | 77,00 ден. | 17.787,00 ден | 71.443,00 ден. |

| ТАБЕЛА 3<br>КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | Број на просторија | Улица и број | Административен простор | Површина во м2 | Цена на закупнина на објект по м2 | Цена на закупнина на цел простор на месечно ниво во денари | Банкарска гаранција 2% |
| ДП3 | Административен простор на кат 2 | | | | | | |
| | ДП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | Административен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 28,67 м2 | 102,45 ден . | 2.937,00 ден | 11.733,00 ден. |
| | ДП 2 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | Административен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 14,10 | 102,45 ден. | 1.445,00 ден | 5.790,00ден. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | ДП3 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | Административен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 14,10 | 102,45 ден. | 1.445,00 ден | 5.790,00ден. |
| | ДП4 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | Административен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 14,10 | 102,45 ден | 1.445,00 ден | 5.790,00ден |
| | ДП5 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | Административен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 15,51 | 102,45 ден | 1.589,00 ден. | 6.369,00ден. |

| ТАБЕЛА 4<br>**КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДЕЛ** | **Број на просторија** | **Улица и број** | **Деловен простор** | **Површина во м2** | **Цена на закупнина на објект по м2** | **Цена на закупнина на цел објект на месечно ниво во денари** | **Банкарска гаранција 2%** |
| ДП4 | деловен простор на приземје ниво 0,00 | | | | | | |
| | ДП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | деловен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 100+58=158 м2 | 106,00 ден . | 16.748,00 ден | 67.052,00 ден. |
| | | | | | | | |
| | **ВКУПНО за ДЕЛ 4** | | | 158 м2 | 106,00 ден. | 16.748,00 ден | 67.052,00 ден. |

| ТАБЕЛА 5<br>КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | Број на просторија | Улица и број | Деловен простор | Површина во м2 | Цена на закупнина на објект по м2 | Цена на закупнина на цел објект на месечно ниво во денари | Банкарска гаранција 2% |
| ДП5 | деловен простор на приземје ниво 0,00 | | | | | | |
| | ДП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | деловен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 111,00 м2 | 309,00 ден . | 16.748,00 ден | 137.527,00 ден. |
| | | | | | | | |
| | ВКУПНО за ДЕЛ 5 | | | 111,00 м2 | 309,00 ден . | 16.748,00 ден | 137.527,00 ден. |

| ТАБЕЛА 6<br>КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | Број на просторија | Улица и број | Магацински простор | Површина во м2 | Цена на закупнина на објект по м2 | Цена на закупнина на цел објект на месечно ниво во денари | Банкарска гаранција 2% |
| ДП6 | Магацински простор на приземје ниво 0,00 | | | | | | |
| | ДП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | магацински простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 70,00 м2 | 77,00 ден . | 5.390,00 ден | 137.527,00 ден. |
| | | | | | | | |
| | ВКУПНО за ДЕЛ 6 | | | 70,00 м2 | 77,00 ден . | 5.390,00 ден | 137.527,00 ден. |

| ТАБЕЛА 7<br>КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | Број на просторија | Улица и број | Деловен простор | Површина во м2 | Цена на закупнина на објект по м2 | Цена на закупнина на цел објект на месечно ниво во денари | Банкарска гаранција 2% |
| ДП7 | деловен простор на приземје ниво 0,00 | | | | | | |
| | ДП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | деловен простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 313 м2 | 90,50 ден . | 28.326,00 ден | 113.349,00 ден. |
| | ВКУПНО за ДЕЛ 7 | | | 313 м2 | 90,50 ден . | 28.326,00 ден корегирано | 113.349,00 ден |

| ТАБЕЛА 8<br>КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | Број на просторија | Улица и број | магацински простор | Површина во м2 | Цена на закупнина на објект по м2 | Цена на закупнина на цел објект на месечно ниво во денари | Банкарска гаранција 2% |
| МП8 | Магацински простор на приземје ниво 0,00 | | | | | | |
| | ДП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | магацински простор на ниво 0,00 од западна страна на градскиот парк | 461,00 м2 | 77,00 ден . | 35.497,00 ден | 142.117,00 ден. |
| | ВКУПНО за ДЕЛ 8 | | | 461,00 м2 | 77,00 ден . | 35.497,00 ден | 142.117,00 ден. |

| ТАБЕЛА 9<br>КП 1815 заведени во Имотен лист 25440 во КО Велес | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ | Број на просторија | Улица и број | Деловен простор | Површина во м2 | Цена на закупнина на објект по м2 | Цена на закупнина на цел објект на месечно ниво во денари | Банкарска гаранција 2% |
| ДП9 | деловен простор на сутерен на приземје ниво 0,00 | | | | | | |
| | ДП 1 | ул.„Алексо Демниевски – Бауман бр.10 | деловен простор на ниво сутерен 0,00 од западна страна на градскиот парк | 237,00 м2 | 136,20 ден . | 32.279,00 ден | 129.120,00 ден. |
| | ВКУПНО за ДЕЛ 9 | | | 237,00 м2 | 136,20 ден . | 32.279,00 ден | 129.120,00 ден. |

## 3.ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

**1.1.**Јавното наддавање за **ДЕЛ 1 ДП 1 и ПП1** ќе започне на ден 28.07. 2023 година, во 08:00 часот.
**1.2**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 2 МП1** ќе започне на 28.07.2023, во 08:30 часот.

**1.3**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 2 МП2** ќе започне на 28.07.2023, во 09:00 часот.

**1.5**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 2 МП3** ќе започне на 28.07.2023, во 09:30 часот.

**1.6**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 3 ДП1** ќе започне на 28.07.2023, во 10:00 часот.

**1.7**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 3 ДП2** ќе започне на 28.07.2023, во 10:30 часот.

**1.8**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 3 ДП3** ќе започне на 28.07.2023, во 11:00 часот.

**1.9**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 3 ДП4** ќе започне на 28.07.2023, во 11:30 часот.

**1.10**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 3 ДП5** ќе започне на 28.07.2023, во 12:00 часот.

**1.11**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 4 ДП1** ќе започне на 28.07.2023, во 12:30 часот.

**1.12**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 5 ДП1** ќе започне на 28.07.2023, во 13:00 часот.

**1.13**.Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 6 ДП1** ќе започне на 28.07.2023, во 13:30 часот.

**1.14.** Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 7 ДП1** ќе започне на 28.07.2023, во 14:00 часот.

**1.15**. Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 8 МП1** ќе започне на 28.07.2023, во 14:30 часот.

**1.16**. Јавното електронско наддавање за **ДЕЛ 9 ДП1** ќе започне на 28.07.2023, во 15:00 часот.

Увид на деловниот простор кое е предмет на јавно наддавање заинтересираните субјекти ќе може да извршат секој работен ден од 09:00 до 15:00, часот, со претходна најава до Претседателот на Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес.

Детални информации врзани за објавата можат да се добијат на телефон: **078 344 503.**

**4.ПОЧЕТНА ЦЕНА** на јавното наддавање на недвижните ствари што се предмет на закуп со електронско јавно наддавање е проценетата вредност на недвижната ствар утврдена во Проценка на вредноста на недвижен имот Арх.бр.48-3/23 од 05.05.2023 година изработена од ЈАКОСТ РЕВИЗИЈА ТП Мимица С.Циева, проценувач од областа на недвижен имот Коста Јанев согласно со Законот за процена.

**5.РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Објавата трае 15 (петнаесет) календарски денови почнувајќи од 10.07.2023 година (понеделник) до 24.07.2023 година (понеделник).

Пријавите за учество на јавното наддавање се доставуваат најдоцна до 24.07.2023 година (понеделник)

Јавното електронско наддавање ќе се одржи на интернет страницата www.e-stvari.mk.

Јавното електронско наддавање ќе се одржи на ден **28.07.2023 година (петок)** и истото ќе започне со почеток во **08:00** часот.

Документите се прикачуваат електронски на софтверот -**E-STVARI.MK.**

Подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање се регистрираат со корисничкото име и шифра за учество на јавното наддавање, по што имаат право на учество на јавното наддавање.

Подносителите на пријавите кои што нема да бидат комплетирани со овие докази нема да учествуваат во наддавањето за што ќе бидат известени по електронски пат.

## 6.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани домашни и странски правни лица кои што ги исполнуваат условите дадени во објавата.

## 7.УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Постапката за закуп со електронско јавно наддавање ќе се спроведува преку електронски систем за јавно наддавање.

Доколку понудувачот веќе учествувал во постапките по претходни објави и спроведени јавни наддавања спроведени преку овој систем, за него сеуште важат претходно автоматски доделените корисничко име и лозинка, доделени заради негово учество во претходните постапки и тоа на ниво на целиот систем (учество во постапка која ја спроведувала било која општина).

Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за електронско наддавање. За да може да поднесе Пријава за учество заедно со доказите утврдени во објавата, секое правно лице треба претходно да се регистрира на страната e-stvari.mk.

**Документите потребни кон пријавата за електронското јавно наддавање се следниве:**

- **За физички лица :**

**1.**Пријава за учество на јавното наддавање;

**2.**Доказ за идентитет на физички лица - лична карта или патна исправа;

**3.**Изјава со којашто ги прифаќаат условите што се дадени во Објавата.

**4.**Банкарска гаранција за сериозност во висина од 2 % од проценетата вредност на недвижната ствар, за учество на јавното наддавање. Покрај електронски во скенирана верзија на оригиналот PDF формат, банкарската гаранција за сериозност треба во оригинал да се достави до Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес, ул.Панко Брашнар“бр.1 Велес, со назнака „За јавна објава бр.4/2022 (прва објава) за закуп на деловен простор со електронско јавно наддавање“, на денот кога се доставува комплетната документација и

**5**. Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронско јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на страната e-stvari.mk на која што ќе се одвива електронското наддавање.

**6.** За деловниот простор од табела 7 и деловниот простор од табела 9 покрај горенаведената документација заинтересираните лица треба да достават и проект за инвестиција и адаптирање на деловниот простор.

- **За правни лица**

**1**. Пријава за учество на јавното наддавање;

**2**. Доказ за идентитет за правни лица:

- тековна состојба од Централен регистар на РСМ – не постара од шест месеци (за правни лица);
- извод од регистрација од соодветен регистар во државата од која доаѓа (за странски правни лица);

**3**. Изјава со којашто ги прифаќаат условите што се дадени во Објавата.

4.Банкарска гаранција за сериозност во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар, за учество на јавното наддавање.Покрај електронски во скенирана верзија на оригиналот PDF формат, банкарската гаранција за сериозност треба во оригинал да се достави до Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес, Општина Велес, ул.Панко Брашнар“бр.1 Велес, со назнака „За јавна објава бр.4/2023(прва објава) за закуп на деловен простор со електронско јавно наддавање“, на денот кога се доставува комплетната документација и

5. Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронско јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на страната e-stvari.mk на која што ќе се одвива електронското наддавање.

6. За деловниот простор од табела 7 и деловниот простор од табела 9 покрај горенаведената документација заинтересираните лица треба да достават и проект за инвестиција и адаптирање на деловниот простор.

Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата во рок од три дена од денот на доставувањето на понудите им доставува корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

## 8.БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДУВАЧОТ ОД 2% ОД ПРОЦЕНЕТАТА ВРЕДНОСТ

**-Банкарската гаранција за сериозност на понудата е во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар и треба да гласи во корист на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес и е изразена во табеларниот преглед за секој простор одделно.**

- Покрај електронската достава на банкарската гаранција во скенирана верзија на оригиналот PDF формат, подносителот на понудата/пријавата за учество е должен истата да ја достави и во писмена форма (во оригинал) на адресата на Општина Велес (со назнака: до Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес).
- Недоставувањето на банкарската гаранција во писмена форма на наведената адреса ја прави пријавата неприфатлива и истата ќе биде одбиена.
- Банкарската гаранција треба да биде издадена во македонска валута, од банка која што работи и врши банкарски активности во Република Македонија, а времетраењето на банкарската гаранција треба да изнесува најмалку 30 дена, сметано од денот утврден како краен рок за поднесување на пријавата.
- Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.“

## 9.НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДДАВАЊЕТО

Начин и постапка за спроведување на јавното наддавање:

Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи, доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена за закупнина на недвижната ствар и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на закупнината на недвижната ствар. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на закупнината на недвижната ствар се намалува за 2% по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат, односно зголемуваат цената на закупнината на недвижната ствар без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда. Доколку воереметраење од пет минути повторно нема понуда, вредноста на закупнината на недвижната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност.

Намалувањето на вредноста на закупнината на недвижната ствар во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по прв пат може да биде најмногу до 30% од проценетата вредност без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање.

Намалувањето на вредноста на закупнината на недвижната ствар во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по вторпат може да биде најмногу до 30%, доколку на јавното наддавање се пријавил само еден заинтересиран учесник, а доколку се пријавиле двајца или повеќе учесници, намалувањето на вредноста на недвижната ствар може да биде до најмногу 50% од проценетата вредност.

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за закупнина на недвижната ствар.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

- Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање е должен да ги уплати средствата на сметка на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи" Велес, во согласност со постигнатата крајна цена, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни и движни ствари.

- По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од петнаесет работни дена по извршената уплата на постигнатата цена за закуп на недвижната ствар, Директорот на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес склучува договор за закуп на просторијата од недвижната ствар. Договорот за закуп во рок од 30 дена се доставува кај нотар заради солемнизација, нотарските трошоци се обврска на закупувачот и купувачот.
- Учесниците имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното електронско наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното електронско наддавање до Комисијата, која одлучува по приговорот со Решение во рок од пет дена од приемот на приговорот.

Против, Решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 25-2670/7
07.07.2023 година

Комисијата за недвижни и движни ствари
сопственост на Општина Велес